Записник од работилницата  на приватните доктори со Директорот на Фонд за здравство Г-ѓа Маја Парнаџиева Змејкова во Велес

На  ден 08.06.2011 за прв пат е направена работилница на приватните доктори на  која лично присуствувал и одвоил време Директорот на Фонд за здравство-Г-ѓа Маја Парнаџиева Змејкова.

На истата присуствуваа претставници од градовите Велес,Кавадарци,Скопје,Куманово,Крива Паланка,Дебар,Ресен,Гевгелија,Штип,Битола, Прилеп и Струмица,Македонски Брод,Самоков,Берово .А од страна на Фонд за здравство присуствуваа Директорката,портпаролот  Г-ин Бранко Аџигогов,Др Жане Китанчева,Директорот на ИТ секторот  Г-ин Гоце,Директорот на правен сектор Г-ин Трајче и секретарката на Директорката.

Се отворија повеќе теми и се одвиваше на прашање ,па одговор.

1. Во изминатата година Фондот за здравство и докторите подолго време работеа на изготвување на нов правилник за боледувања.Прилагоден е спрема постоењето на стручен кадар низ Македонија и реалните потреби на пациентот за упатување на повисоко ниво.Барање на докторите е да нема никакви  дијагностички критериуми до 5 работни дена.

Став на Фондот е да мора да се постави на сајтот на Фондот-да се чекаат реакции од сите инволвирани страни,јавна дискусија да се организира.Да има отприлика 15 дена рок за забелешки,па потоа да мине на управен на Фонд за здравство.Најмногу дискусија се разви околу шифрата Z35 за ризична бременост.

2. Спрема договорот со Фондот за здравство од 01.07.2011 мора да се печатат рецепти.Дискусија се разви околу моментите кои треба да бидат исклучок-поточно кога ќе се пишуваат на рака и кои ќе бидат тие моменти и причини.Дел од присутните сакаа да се одложи сето тоа,дел од колегите кажаа да печатат со години и да не можат да замислат сега да се вратат назад на пишување.Директорката на Фондот објасни да мора да се оди напред и да во програмите на пример на Прима Медика е овозможено да се експортира цела база на пациенти кај замената.Така мора да направат и другите програмерски куќи.Така нема да има проблем со печатење на рецепти.Колегите кои печатат пренесоа искуства да хроничната терапија може да ја печати  медицинската сестра и пациентот воопшто да не влегува кај доктор или да си ја остави книшката претходниот ден ,а наредниот да си ја подигне-така нема да чека со другите болни.Се побара од Фондот да постават на нивниот сајт список на доктори по абецеда,или селектирани по специјалност со точни факсимили за да може да си проверуваме.Кога ќе се принта рецептот нема да има пишување позади на истиот.Др Влатко Јовановски побара исклучок да биде кога ќе нема струја,кога ќе се расипе компјутер,принтер,кога ќе дојдат и електронските картици-ако се расипе читач на електронска картица.Се постави прашање што со пунтовите во селата.Барање на Директорката беше да координаторите по градови достават колку такви пуктови има .
3. Се отвори и прашањето за руралните амбуланти.Овде најкомпетентен за дискусија се јави Др Живко од Битола.Кажа да со новиот правилник на Фондот со кој се променува начинот на плаќање ќе дојде до затворање на некои амбуланти и побара како

параметар да се стави и бројот на жители во тие села.Одговорот на Директорката беше да се увидени голем број злоупотреби на пример пациентите од руралното село се запишани во друга амбуланта за која се зема капитација а средствата од руралната се плус.Имаат фотографирано рурални амбуланти на кои има се исплаќа по 85000 денари а полни се со пајажина и се гледа да не работат.Така Фондот мора да прави промени и бројката на рурални вкупно ќе се движи околу 100 ординации ,отприлика на 6 месеци ќе се ревидира дали таа амбуланта ќе остане рурална или ќе работи по капитација.Мора да се натераат тие пациенти од селата да се запишат кај руралната амбуланта.Се јави колегата од  Дебар Др Исењ и кажа да мора да се ревидираат руралните амбуланти,бидејќи тој работел на сама граница со Албанија во многу тежок терен и не е рурален.Од Самоков колегата кажа да обслужува 24 села ,80 км територија и не е рурален.Зимно време мора да оди од едно село во друго село со помош на коњи бидејќи теренот е непрооден за возила.Порано постоел член 7 ,но сега бил укинат.Директорката презентираше бројки да 43% од докторите добиваат повеќе од 100000 до 122000 ден.20%се движат во сума 76000 до 100000 ден и 37% се со помалку од 76000 денари.Др Панче Арсов коментираше да добро би било да се види како се плаќа во Хрватска и австрискиот модел на плаќање.

4. Дежурства од страна на матични доктори.Овој проблем се провлекува подолго време и мора еднаш да се стави ред.Се дежура во Куманово и сеуште се без договор меѓу здравен дом и докторите.Во Струмица се чека да се добијат списоци за дежурства секој момент.Во Велес проблемот е надминат благодарение на писмо кое е испратено од страна на Директорката на Фонд до сите директори на Здравни  домови и до Директорите на подрачни-таму точно е наведено да мора да се искористи кадарот и сите човечки ресурси од здравниот дом.Се договоривме да мора да има правен договор по правилник од Фондот од 2007 година.Мора да им се плаќа на докторите што дежураат по 800 денари а на сестра 400 денари.Правникот на ЗПЛРМ го доби правилникот и ќе се активира максимално за да помогне да ги заштити колегите од правни неправилности.Дискутираа колешката Др Елица Станишлевиќ од Струмица да не е издржливо да се работи и дежура,да имаат премногу работа и да во тој град и сабота работат до пладне.Др Зорица Јовановска од Куманово кажа да сеуште немаат договор и да никој не им плаќа.Др Милка Суџуковиќ од Берово презентираше да бројката на матични е мала и да е веќе неиздржливо да се работи-тие се се .Директорката  одговори да дежурставта  во тој град  и во Пехчево ќе се решат за многу кратко време.
5. Проблеми со специјалистички амбуланти-Дискутираа Др Влатко Симоновски,Др Панче Арсов.Презентираа да во специјалистика се прават многу повеќе прегледи отколку буџетите што ги имаат и дали може тоа некако да се измени.Одговорот од страна на Фондот беше да пак во моменти кога не се исполнуваат пак има се плаќа сумата.И да секојдневно се згоемува бројката на специјалистички ординации и да Фондот мора да води сметка за неговата рентабилност и издржливост на системот.Др Влатко прашаше како би било можно да се оди на доедукација а да се добие буџетот.Одговорено беше да ќе мора да си вработи друг специјалист.
6. Проблеми во специјалистички лаборатории-прашања имаше од  Др Биљана Огњанова дали е во ред да иде лаборант со фискална во друга ординација и да зема крв,така пациентот нема да се шета и ќе биде услужен на лице место.Маја Тодорова исто

дискутираше да транспорт на биолошки материјал не е влезен во ниеден правилник Директорката на Фондот одговори - да ова ќе мора со МЗ да се реши и да влезе во закон.Др Миташев од Штип пак праша дали тоа значи да и специјалистите со фискална можат да влезат во друга ординација и да го прегледаат пациентот и да му наплатат само за да е услужен на лице место.  Фондот одговори да пациентот сега има право сам да си одбере лабораторија.

7. Проблеми во Гинекологија –Др Милорад Ристески прашаше дали може да ја знаеме бројката на осигуреници во македонија-Директорката одговори да тоа се 1900000 во моментов.Потоа прашаше Пап тестот на колку време треба да го прават.Побара посебно да се стимулира за трудници гинеколошката дејност.Директорката одговори да мора да се направи меѓуресорна група со учество на МЗ и за оваа тема да се побара веднаш прием кај новиот Министер за здравство.
8. Партиципација во примарно здравство.Фондот кажа да мора за ова да има промени во Закон за здравствена заштита и повторно да се достави барање до МЗ-и за основен пакет на услуги во примарно здравство
9. Анекс на договори да се прави во рок од 5 дена-Оваа година повеќе ординации правеја анекс на договори и презентираа да времетраењето на добивањето на анекс на договор е многу долго.Затоа Фондот даде предлог да прво договорот се потпише од страна на ПЗУ ,се активира и потоа да се врати потпишано во Скопје.Значи и ова наше барање Фондот  го прифати.
10. Што со ординациите кои немаат договор со Фондот за здравство.Директорката објасни да може да се препишува терапија само ако има на препораката факсимил од Фондот.
11. Режим на препишување на лекови-Повеќе колеги дискутираа за некои лекови да се промени индикационо подрачје и да скапите спрејови за астма ,за хронична терапија за простата и трите лека од болничка листа кои се симнаа на режим Р да се тргнат и да се додадат на Л Листа.Одговорот на Директорката на Фондот беше да се усогласиме со барањата од ЛК и нашите од ЗПЛРМ и да доставиме едно барање,па тие ќе видат што ќе прифатат.Бидејќи секојдневно иделе најразлични барања од секој град.
12. За исплата на цели-Директорката кажа да се пуштени на 08.06.2011.И беа пуштени,но другиот ден  ми беше соопштено да имало грешка во софтверот и да се повлечени.Бев замолена од  Директорката да се извинам и да Ве известам да тоа ќе биде завршено од понеделник.
13. Директорката побара да имаме истакнато список на лекови без доплата во нашите ординации за да можат  пациентите да се информираат.Друго кажа да ќе се прават регионални средби со фармацевти ,со гинеколози за обуки како оди процедурата за ин витро.,за ортопедски помагала.Повторно апелираше сите доктори со своите семејства да аплицираат за електронска картица,целиот медицински персонал и други вработени-за да во јуни се изработат.Барањата да се достават до Подрачна на Фонд во секој град.И на крај Директорката замоли да матичните доктори само им поделат барања на пензионерите и тие да си ги достават до Подрачната на Фонд.
14. Состанокот траеше три и пол часа –многу конструктивен,помина во пријатна атмосфера,се разменија многу мислења,се добија многу одговори.Ова е патот по кој овие две страни треба да го градат партнерскиот однос во иднина,не дозволувајќи влијанија од ниедна друга сфера.Докажавме да сме професионално здружение-полно со идеи.

15.